ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 04-781/4
Датум: 21.04.2022

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-877/2 од 20.04.2022 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Помошник на главниот државен ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-877/1 од 13.04.2022 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-781/2 од 30.03.2022 година година, Главниот државен ревизор донесе:

# ОДЛУКА

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Помошник на главниот државен ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со шифра на работно место РЕВ 01 01 Б02 001**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место **Помошник на главниот државен ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со шифра на работно место РЕВ 01 01 Б02 001**, по Интерен оглас заведен под број 04-781/2 од 30.03.2022 година година, се избира кандидатот Соња Камбовска.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2022 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 18-1636/2 од 11.02.2022 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под 04-781/2 од 30.03.2022 година година, за унапредување на еден кандидат на работно место Помошник на главниот државен ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната



INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со шифра на работно место РЕВ 01 01 Б02 001.

Согласно Извештај број 04-877/2 од 20.04.2022 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Помошник на главниот државен ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-877/1 од 13.04.2022 година за работното место за кое е објавен интерниот оглас, вработената Соња Камбовска, која ги исполнувала општите и посебните услови за работното место, и ги дала потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 19.04.2022 и 20.04.2022 година, по што Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор за донесување Одлука за избор на вработената Соња Камбовска за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: М-р Весна Богдановиќ
Одобрил: М-р Александар Поповски